# Тома Димовски

## Toma Dimovski

CIX gallery

# ВНАТРЕ - НАДВОР
# INSIDE - OUTSIDE

CIX gallery
Skopje
october 2000

## ВНАТРЕ - НАДВОР - НА ТОМА ДИМОВСКИ

Првичната претстава што ја добив при средбата со инсталацијата на Тома Димовски "Внатре - Надвор " беше сублимат на шпекулативната " игра" на реципроцитет за инклузивноста или ексклузивноста на уметничкото дело. Секако тука се проблематизира приннципот на перцепцијата, неговата стратифицираност и на естетски и на симболички нивоа. Една стара поговорка врзана за човековата (општоземено ) партикуларна перцептивност говори како "не ја гледаме шумата од дрвата и обратно".Оваа навидум парадоксална констатација иницира еден прикриен каузалитет: променливоста или иманентно-динамичната природа на перцептивноста и секако нејзината емпирија или меморијата.
Но искуството не е само виртуален инструментариум кој не ослободува од фрагментарната илузорност на фактите, напримаордијалната перцептивност, туку тоа станува и механизам на прекогниција во пррроцесот на креација. Тоа пресликување од минатото во иднината на симболичката констелацијана низ моментот на декодирање во"сегашноста" на контекстот на уметничкото дело (како конгитивен и рефлексивен матерјал) е всушност мистичен трансвер на искуството во виртуелниот космос на претпоставеното. Тука реципиентот може да ја ослободи својата имагимација и да изврши своевидна интроспекција на содржините кои ќе се појават како супститут на фактичката реалност. Оваа" естетска" медитација (или ако повеќе одговара само "медитација") иницира еден без сомнение ритуалистички приод кон концептуализираното опстојување на фрагментите на реалноста (сега и тука), табуизација на нивната баналност преку поместување на контекстуалните формации во некој шпекулативен симулакрум кој добива силни сугестивни својства во сверите на интегративното испитување на реалноста при нејзината сублимација во " Вистина" ваквата телеололигија која врзува две дисјунгтивни димензии на свест или рефлексивни состојби наведува на констатација дека сосема суптилно уметникот не воведува во еден вид иманенција на конкретното и имагинарното, физичкото и метафизичкото, когнитивното и сетилното, матерјалното и транцеденталното. Всушност ние сме вклучени во еден ритуал, но ритуал без стандардни религиски (литургиски) процедури, ако сакате - естетски ритуал кој сосема спонтано се одвива во перцептивно - кокогнитивниот ареал на делото. Уметникот (или авторот на ова дело) всушност подигнал виртуален храм (исклучиво функционира низ симболичката кодификација) некаква "пантеистичка авра" или можеби ги естетизирал прикриените ритууалистички деконструкции на Зенот, Гностицизмот, Суфизмот... Во денешните саинтифичко - прагматички општества на информативистички симулакруми, кризата на стандардите, (традиционално - популистички) инаугурира еден вид поместување на метафизичкиот куриозитет (верата???) кон сверите на уметноста. Тоа поместување оди без посебно изразена апологетика од пропагандистички тип. Можеби харизматичните промотери на критицистиичката стратегија на уметноста во последниот век (20 век) ќе го најдат своето алиби во страотната алиенација на конформистички одредените "прогресивни" општества. А можеби се работи за "обзнанувањето" на таинствената мисија на уметноста во изминатите векови да се објавува како технолошка логистика (занат, можност или "техне") на кодифицираните "догми", одржувајќи ја под своевидна сервилна репресија својата артикулативна потентност. каков би бил светот со уметноста која би го завзела местото на религиозниот дискурс? Минатиот век изобилуваше со програми од тој тип кои главно имаа судбина на академизација и сходно на тоа - одумирање под теретот на апокрифниот авторитет.
Етичките структури што ќе произлезат од идеолошката позиционираност на делото во голема мера го определуваат критичкиот капацитет на неговата општествено - историска интерактивност. Оваа констелација на тежненија сведочи за еден прикриен колку и десперирaн идеалистички состав на главната мотивација на искреираниот факт. Тоа е всушност една драматична прикаска за менувањето кон подобро, за еволуцијата на свеста во историско - гносеолошки смисол, за модалитетите на таа еволуција, за константните отпори на инертноста и ентропијата на исцрпените од онтологија системи, за дезориентираните процеси на транзицијата низ просторот, времето и магиските моќи на предметите. Од друга страна критичкиот нихилизам на утилитарната димензија на ангажманот (пропагандизмот) без оглед на неговата етичка аргументираност воведува еден сосема инверзивен тип на делување одвнатре, една би рекол идеалистичка имплозија. Секако дека ова е и најрадикалниот чекор кон интеграција со онтолошкото, но без оглед на се, и неминовниот. Во голема мера овој став предизвикува стравови (или барем игноранција во неразбирањето...) кај збунетите партиципиенти во гореопишаниот естетички ритуал. Тие би сакале да заборават дека "сé тече и сé се менува" од позицијата на својот психо-физички комфор. Тие не би сакале премногу да проблематизираат со своите идентификациски референци (корисно и убаво), или пак да се стават наспроти идеализираниот авторитет на сопствената проекција од менталното огледало на фактите (ако воопшто и ги има?). Тука бескомпромисноста на креативниот "искушеник" оди уште чекор понатака без оглед на веројатноста да се соочи со перцептивна ништожност како резултат на потполната деконструкција на функционализмот и ирационалната дисперзија на фрагментите што во поранешниот контест сочинувале цел еден систем од прагматична меморија. Повторно во име на рационалноста, но и во името на репликативноста баналитетот, лукративноста, или идентификацијата на идентитетот со функциона листичките стратегии, изолираноста на сеќавањето (колекција на виртуелни содржини што ја определуваат нашата "конструктивност") како последна аргументација за постоењето, добива позиција на ултимативен приоритет без право на преиспитување на нејзината можна фетишизација. Како симполот да јагуби својата супституционалност и да станува цел за себе, празна форма за обожување, штит или можеби бариера за да не се види несогледливото мноштво на варијации на една бескрајна морфологија на егзистирање, со еднакви приоритети во хаосот на веќе изгубената оска на проекција во системот на етичките и естецките вредности.
Ако дефинирањето на феномените и нивната интеракција во однос на сигурноста на колективните и индивидуалните когнитивни системи е единствената обврска на човековата еволуција сфатена како прогрес, тогаш стравовите се резултат на губењето на симболичката контрола врз егзистенцијата, но не на онаа егзистенција што подразбира интеграција со нештата до потполност да се адаптира конзервативноста на колективните и индивидуалните идентитети, позиционирани во конкурентски и илузионистички релации и усмерени кон стереотипни квалитети чие анализирање е непожелно, а понекогаш забрането и подразбира своевидна санкционирачка постапка... Сепак изборот постои и тој е пред нас како константност без оглед на нашата скептичност. Поимањето на можноста да се трансцидира низ пораките на уметничкото дело автоматски не воведува во прилично извесниот спектар на претпоставки за бескрајната спокојност на природата која мирно чека на нас, беспрекорна и совршена во сопствениот капацитет на менување... Всушност самите ние сме таа природа, еден дел од природата кој има можност да се согледа во остатокот од неа, без остаток.

Александар Станковски













**IN AND OUT- TOMA DIMOVSKI**

The first impression that I got after seeing the installation of Toma Dimovski, "In and out" was a sublimate of the speculative "game" of the reciprocity of the inclusivity or the exclusivity of the art piece. Of course, the principle of the perception is problematized, its stratification on esthetic and symbolic levels. There is an old saying concerning the nature of the man's (generally speaking) partuclative perceptiveness that speaks about "not being able to see the forest from the trees"... and vice versa. This, at firs glance, paradoxical constation initiates a concealed causality: changebility and the immanent-dynamical nature of the perceptiveness, and of course, its experience and memory.

But experience is not only a virtual instrumentarium that frees us from the fragmentated illusory of the facts, of the primordial perceptiveness; it also becomes a mechanism of precognition during the process of the creation.

That transfer from the past into the future of the symbolic constellation through the moment of decoding into "the present" in the context of the art piece (as a cognitive and reflexive material) is in fact, a mystical transfer of the experience into the virtual cosmos of the presumption. Here, the recipient can free its imagination and perform certain introspective of the content that will appear as a suptition of the actual reality. This "estethycal" meditation (or if preferred only "meditation") initiates one, without doubt, ritualistic aspect towards the conceptualized existence of the fragments of the reality (now and here), tabuisation of their triviality through the movement of the contextual formations in a speculative simulacrum that gains strong suggestive characteristics in the spheres of the integrative examination of the reality into its sublimation into "The truth". This teleology connects two disjunctive dimensions of a conciousness or reflexive conditions of the constellation that the artist himself, in a very subtle way, intruduces us in a way of imanence of the specific and the imaginary, the physical and the methaphysical, the cognitive and the sensitive, of the material and the transcendetal. In fact, we are engaged in a ritual, a ritual that is in lack of the standard religios procedures, and if you like- an esthetic ritual that takes you in the perceptive-cogntive areal of the art piece in a completely spontaneous way. The artist (or the author) of this work has, in fact, raised a virtual temple (exclusively functional through the sumbolic codification), some kind of "Pantheistic Aura"??? or maybe has given esthetic to the concealed ritualistic deconstructions of the Zen. The Gnostycism, the Sufism... in todays scientific-pragmatic societies of the formativistic simulacrumi??? The crises of the standard religions inaugurates movement of the methaphysical curiosity (the faith???) towards the art spheres. That movement continues without specifically shown appologetics of a propagnda type. Maybe the charismatics promoters of the critical strategy of the art in the last century (20th) will find their allibi in the chaotic alienation in the conformisticaly specified "progresive" society. And maybe it's the enlightenment of the secret mission of the art in the last centuries to be publicized as a technological logistics (skill, possibility or "techne") of the codifued dogmas, keeping its articulative power in certain servile repression. What would be the world of the art that would take the place of the religios discourse? This last century is full of programmes of this kind that had, in general, the fate of academisation, and subsequently- decay of the apocryphal authority.

The ethical structures that wil come out of the ideological position of the art work, have a way of characterizing the crtical capacity of its socio-historical interaction. This constellation is a testemony for one very much latent, but in the same time, desperate idealistic composition of the prime motivation of the fact. That is, actually, a dramatic story of the change for better, for the evolution of the conciousness in a historical and gnostic sence, of the modalities of that evolution, for the constant resistance of the inertion and the entropy of ontologically exhausted systems, for the desoriented processes of transition through time, space and the magical powers of the things On the other hand, the critical nihilism of the utillitarismic dimesion of the propaganda, with no regard on its ethycal arguments, introduces one completely inversive type of action from the inside, which, I would say, is one idealistic implosion. Of course,this is the most radical step towards the integration with the ontologycal, no matter what, and the inevitable. This attitude causes fear (or at least ignorance in not understanding..) with the confused participants in the above mentioned estethical ritual. They would love to forget the "Panta rei" from the position of their psycho-physical comodity. They wouldn't like to problematize too much in their identification references (useful and beautiful) or to put themselves against the idealised authority of their own projection of the mental mirror of the facts (if thei even exist?). Here, the creative "temptent" goes a step further with no regards of the possibility to face the perceptive nothingness as a result of the complete deconstruction of the functionalism and irational dispersion of the fragments that in the previos context had made a system of pragmatic memory. Again, in the name of the rationality, but also in the name of replication, the triviality, the usefulness or the identification of the identity with the functional strategies; the isolation of the memories (collection of virtuel contents that recognize our "constructivness") as a last argumentation of the existance a position of the ultimate prority without the right of questioning its possible fetishism. As the symbol is loosing its substitutivness and leaves a part behind itself, an empty form for adoration, a shield or already lost axis of projection into the system of the ethycal and the esthetical virtues.

If the defining of the phenomenas and their interaction in relation of the safety of the colective and individualstic and cognitive systems is the only obligation of the human kind evolution understood as a progress, than the fears are a result of the loss of the symbolic control on the existance, but not on the existance that means integration with the things to immanence or complete understanding, but the existance that is a result of of a virtuel hierchical system of virtues in which the conservative of the collectives and the individual identites can be almost fully adapted, positioned in competitive and illusive relations towards the stereotypical qualities whose analyzing is not welcomed, and sometimes forbidden and understands certain sanctionised proceeding... And yet the choice exists and it is in front of us as a constancy with no regards on our scepticism. Thinking of the possibility to transcend through the messages of the work of art, it takes us into a certain range of suppositions of the endless peacefulness of the nature that calmly awaits on us, untouched and perfect in her own capacity to change... Actually, we alone are in that nature, one part of the nature that has the chance to see itself in the rest of her, with no remains.

Aleksandar Stankovski

Димовски Тома - роден на 7 април 1968
Дипломирал етнологија на ПМФ 1993г.

Самостојни изложби:
1995 Галерија КОРА Скопје
1996 Спомен Дом на Културата АСНОМ Гостивар
1996 Дом на Културата "Иљо Антевски-Смок" Тетово
1997 Дом на АРМ Скопје
2000 Галерија "Безистен" - Штип
2000 Дом на култура "Бели Мугри" - Кочани

Dimovski Toma - born on 7 april 1968
Graduated Etnology on PMF 1993g.

Solo Exibitions:
1995 Galery "KORA" - Skopje
1996 Memorial Cultural Center of ASNOM - Gostivar
1996 Cultural center "Iljo Antevski-Smok" - Tetovo
1997 Salon at the ARM - Skopje
2000 Galery "Bezisten" - Stip
2000 Cultural center "Beli Mugri" - Kocani

издавач: Центар за современи уметности - Скопје (ЦАЦ); за издавачот: Мелентие Пандиловски; текст: Александар Станковски;
превод на англиски: Марија Тодорчевска; слајдови: Роберт Јанкулоски; ликовно и техничко обликување: Деск - Скопје;
печат:Винсент Графика; тираж: 500
published: The Contemporary Art Center - Skopje; editor in chief: Melentie Pandilovski; text: Aleksandar Stankovski;
translated into English:Marija Todorceska; slides: Robert Jankuloski..; lay-out: Desk-Skopje; printed by: Vinsent Grafika - Skopje;
copies: 500
ISBN 9989-745-49-8
©2000 by CAC - Skopje